**Република Македонија**

Република Македонија и понатаму ги исполнува **политичките критериуми** во доволен степен. Земјата продолжува со реформите поврзани со пристапувањето, но суштинските предизвици и понатаму остануваат. Парламентарните избори во јуни, општо гледано, беа во согласност со меѓународните стандарди. Новата владина коалиција беше брзо формирана. Постигнат е одреден напредок во областа на судството и јавната администрација, особено во поглед на правната рамка. Потребни се понатамошни напори за да се обезбеди ефикасно спроведување, особено во врска со слободата на изразување во медиумите, судската и административната реформа и борбата со корупцијата. Потребно е зајакнување на дијалогот меѓу Владата и опозицијата со цел да се обезбеди непречено функционирање на институциите.

Охридскиот рамковен договор (ОРД), кој ја дочека својата десетта годишнина, продолжува да биде суштински елемент за демократијата и владеењето на правото во земјата. Забележан е одреден напредок во спроведувањето на Законот за јазиците, за децентрализација и правична застапеност. Потребни се континуирани напори за справување со постојните предизвици, како што е образованието, и за обезбедување на хармонични односи меѓу сите заедници.

Подобрено е спроведувањето на изборите, кои се одвиваа во натпреварувачки дух и беа солидно спроведени низ целата земја. Владата треба да им обрне внимание на недостатоците и целосно да ги спроведе заклучоците и препораките на мисијата ОДИХР на ОБСЕ за следење на изборите. Ресурсите на парламентот треба да се зголемат за тој да може да ја врши својата улога. Бојкотот на опозицијата ја попречи работата на парламентот од јануари до изборите. По изборите, опозицијата е присутна во новиот парламент. Постигнат е одреден напредок во реформите на парламентот. Спроведувањето на Законот за јазиците и деловникот за работа е напреднато. Потребно е понатамошно зајакнување на политичкиот дијалог.

Владината коалиција ги надмина тешкотиите и ја зајакна својата внатрешна соработка. Новата Влада му даде нов поттик на процесот на реформи на ЕУ. Што се однесува до локалната власт, финансиската рамка за обезбедување на локални услуги треба да биде потранспарентна и правична.

Забележан е напредок во однос на рамката за јавната администрација со основање на министерство кое ќе биде одговорно за реформите во јавната администрација. Услугите на е-Владата се напреднати со цел на граѓаните да им ја пружат потребната услуга. Меѓутоа, направен е ограничен напредок во вкупното спроведување на реформите. Потребни се значителни понатамошни напори, особено во поглед на политиката на вработување и почитувањето на начелата на транспарентност, професионалност и независност на државната служба. Измените на Законот за општа управна постапка не обезбедуваат ефикасно давање на административни услуги и заштита на граѓаните.

Донесен е обемен пакет на закони со цел да се зајакне ефикасноста на судството, од кој некои делови ќе влезат во сила меѓу 2012 и 2015 година. Основан е Виш управен суд, со што се пополнува празнина во судскиот систем. Правото на глас на Министерот за правда во Судскиот совет е укинато со цел да се зајакне независноста на судството. Потребни се понатамошни чекори за подобрување на независноста и професионалноста во практиката, особено преку практиките на вработување. Спроведувањето на претходните реформи треба да се зајакне.

Направени се понатамошни измени на правната рамка за политиката на антикорупција. Препораките на ГРЕКО се проследени и започната е систематска проверка на изјавите за имотна состојба. Допрва претстои воспоставување на евиденција за следење на случаите со корупција на високо ниво и систематизација на проверката на изјавите за судир на интереси. Транспарентноста на јавното трошење и на финансирањето на политичките партии и понатаму е недоволна. Корупцијата и понатаму е застапена во многу области и сѐ уште претставува сериозен проблем.

Правната и институционалната рамка за **човечките права и заштитата на малцинските заедници** е широко воспоставена. *Граѓанските и политичките права*, општо земено, се почитуваат, а направен е и ограничен понатамошен напредок. Реновирани се некои затвори, но земјата допрва треба да развие ефикасна национална стратегија за затворскиот систем. Недостатоците во борбата против неказнувањето во рамките на агенциите за спроведување на законите се сѐ уште присутни. Започнат е дијалог во врска со сериозната загриженост околу немањето слобода на изразување во медиумите. Одредени уредници и

новинари известија за зголемен политички притисок и заплашување. Затворањето, поради обвинение за затајување данок, на голем телевизиски канал и три дневни весника кои се критички настроени кон Владата предизвика загриженост за пропорционалноста и селективноста на постапката, со која се намалува диверзитетот на медиумскиот пејзаж. Во овој контекст, лесно се врши влијание врз новинарите и уредничките политики, што доведува до широко распространета самоцензура. Вршителите на јавен пренос неуспешно ја вршат нивната со закон предвидена улога.

*Економските и социјалните права,*општо земено, се почитуваат, а направен е и понатамошен напредок. Применети се новите критериуми за репрезентативно учество на социјалните партнери. Функционални се Државниот совет за спречување на малолетничката деликвенција и Комисијата за заштита од дискриминација. Законот за антидискриминација допрва треба целосно да се усогласи со *acquis*, особено во врска со дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација. Потребно е зајакнување на капацитетот на Комисијата за антидискриминација.

Постигнат е одреден напредок во областа на *културните права и правата на малцинските заедници*. Десетгодишнината од Охридскиот рамковен договор беше добра можност за зголемување на дијалогот меѓу заедниците во земјата. Претседателот на Републиката и Премиерот учествуваа во прославата на оваа пресвртница.. Во парламентот е напреднато спроведувањето на Законот за јазиците. Застапеноста на етничката албанска заедница во државната служба е усогласена со нејзината процентуална застапеност во населението, а зголемена е застапеноста и на ромската и турската заедница. Интегрирањето на Ромите во образовниот систем е подобрено, со зголемен број на запишани Роми во средното и високото образование. Потребни се континуирани напори за поттикнување на довербата, особено во областите на образованието, културата и јазикот. Ромите и понатаму се соочуваат со тешки услови за живот и дискриминација.

Во поглед на **регионалните прашања и меѓународните обврски**, земјата во целост соработува со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ). Во јули парламентот донесе автентично толкување на Законот за амнестија, со кој амнестијата ги опфаќа осомничените во сите случаи кои нема да бидат обработени од МКСЈ. Што се однесува до Меѓународниот кривичен суд, билатералната спогодба за имунитет со Соединетите Држави не е во согласност со Заедничкиот став и водечките начела на ЕУ. Земјата треба да се усогласи со ставот на ЕУ.

Земјата и понатаму активно учествува во регионалните иницијативи за соработка, вклучувајќи го Процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП), Советот за регионална соработка (СРС) и Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА).

Република Македонија е активен партнер во регионот и продолжува да ги развива врските со своите соседи и други земји за проширување. Односите со Грција се под негативното влијание на нерешениот спор со името. Земјата и понатаму разговара, под закрилата на ОН, како и преку директни средби на министрите, со цел да се реши спорот. Треба да се избегнуваат постапки и изјави кои негативно би се одразиле врз меѓусоседските односи. Одржувањето на добрососедски односи, вклучително и изнаоѓање на меѓусебно прифатливо решение за проблемот со името, под закрилата на ОН, и понатаму е од суштинска важност.

Република Македонија ја подобри **својата способност да ги преземе обврските од членството**. Направи одреден напредок во исполнувањето на приоритетите од Партнерството за пристапување. Меѓутоа, земјата се соочува со големи пропусти во спроведувањето и ефикасното донесување на законите. Недостасуваат соодветни човечки и финансиски ресурси за целосно спроведување на *acquis*.

**Економијата** на Република Македонија почна да закрепнува во втората половина на 2010 година, имајќи полза од надворешната побарувачка и зголемените инвестиции, особено во градежништвото. Во доцната 2010 година, владата се договори со ММФ за отворена кредитна линија. Ова треба да ја зајакне довербата во меѓународните пазари. Продолжија структурните реформи. Меѓутоа, високата структурна невработеност, особено меѓу младите и необразованите, останува основна причина за загриженост. Институционалните капацитети на јавната администрација и регулаторните и супервизорните агенции сѐ уште се несоодветни.

Во поглед на **економските критериуми**, Република Македонија продолжува со добриот напредок. Во некои области има направено понатамошен напредок кон функционална пазарна економија, особено со олеснување на регистрацијата на компании, забрзаните судски постапки, подобрување на функционирањето на финансиските пазари, понатамошно поедноставување на регулаторната рамка и подобрување на комуникацијата со стопанската заедница. Земјата треба да биде во можност да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во рамките на Унијата на среден рок, доколку таа енергично ги спроведе своите реформски програми со цел да се намалат значителните структурни слабости.

Земјата одржа широк консензус за суштинските работи на економските политики. Подобрен е економскиот дијалог со стопанската заедница. Ставот на монетарната политика, базиран на фактичката стабилност на еврото, го поддржа растот и придонесе за макроекономска стабилност. Фискалната политика ја задржа својата ориентација кон стабилност. Беше постигнат одреден напредок со олеснување на влезот на пазарот и со поедноставување на регулаторната рамка. Траењето на стечајните постапки е намалено и реалната регистрација на недвижен имот е практично комплетирана. Финансискиот сектор почна да закрепнува од глобалната финансиска криза.

Конкуренцијата во овој сектор е благо подобрена, како и нивото на финансиско посредување.

Слабостите во владеењето на правото и понатаму го попречуваат соодветното функционирање на пазарната економија. Ефикасност на јавната администрација сè уште е слаба, рефлектира отежнати постапки, слабости кај персоналот и високо прелевање на службеници. Некои регулаторни и супервизорни агенции и понатаму имаат недостаток на неопходната независност и алокација на ресурсите за ефикасно да го вршат своето функционирање. Спроведувањето на договорите сè уште е тешко, што го попречува стопанското окружување, особено за малите и средни претпријатија. Квалитетот на образованието и на човечкиот капитал е низок. На физичкиот капитал му се потребни понатамошни модернизирање и продлабочување. Квалитетот на фискалното владеење остана низок, делумно поради силната краткорочна ориентација на јавната потрошувачка. Како резултат на тоа, напредокот во намалувањето на многу високата структурна невработеност остана многу ограничен. Долгот на јавниот сектор се зголеми, рефлектирајќи постојан фискален дефицит и зголемено позајмување од надвор. Неформалниот сектор останува важен предизвик.

Остварен е одреден напредок во областа на *слободно движење на стоки.* Буџетот за спроведување на севкупната стратегија на хоризонталните институции се зголеми, меѓутоа рамковното законодавство сè уште не е целосно усогласено со рамковниот *acquis.* Имаше мал напредок во областа *слободно движење на стоки* и усогласувањето со *acquis* сè уште е во рана фаза. Во областа на *право на основање и слобода на давање услуги* земјата е на прав пат, особено во областа на поштенските услуги. Нивото на координација меѓу разни тела одговорни за одобрување на преку гранични услуги исто така е подобрено. За меѓусебно признавање на професионални квалификации, земјата е во рана фаза. Напредокот на *слободното движење на капитал* се фокусира на справување во областа на борбата против перење на пари и финансирање на тероризам. Има ограничувања на краткорочните портфолио инвестиции и на преку гранични платни трансфери, пробивајќи го патот кон втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Се бележи напредок и во областа на *јавните набавки.* Постапките за набавки се потранспарентни и е покренато извршувањето. Законодавството за концесии и Јавни приватни партнерства е усогласено со *acquis.* Административниот капацитет во областа на правни лекови и концесии, како и нивото на спогодбени органи, и понатаму е слаб.

Добар напредок е направен во областа на *Законот за трговски друштва,* особено во понатамошното усогласување со *acquis.* Законската рамка во областа на ревизијата и понатаму е делумно усогласена. Одреден напредок е направен во подобрувањето на законодавната рамка за *интелектуална сопственост.* Евиденцијата за следење на истражување, обвинителство и судско справување со пиратерија и фалсификување не се задоволителни и нивото на свест за правото на интелектуална сопственост во јавноста и понатаму е ниско.

Одреден напредок има во областа на *конкуренцијата.* Евиденцијата за мерките на принуда квантитативно е подобрена во областа на спојувања и државна помош, но и понатаму е слаба во областа на картелите. Квалитетот на одлуките во областа на државната помош треба да се подобрува. Комисијата за заштита на конкуренцијата нема соодветни буџетски ресурси и кадар во областа на анти- труст и

спојувања.

Има општ добар напредок во областа на *финансиските услуги.* Ризичниот надзор се применува постепено. Кај новото законодавство беа воведени регулаторни финансиски услуги како што се лизинг и небанкарски компании.

Остварен е напредок во областа на *информатичко општество и медиуми.* Усогласувањето со *acquis* на ЕУ напредува и беа воведени повеќе клучни конкурентски мерки за заштита. Капацитетот на Советот за радиодифузија за ефикасно надгледување на пазарот останува несоодветен.

Постигнат е понатамошен напредок во областа на *земјоделство и рурален развој.* Клучните политики за поддршка на земјоделскиот и руралниот развој постепено се усогласуваат со барањата на ЕУ. Усогласувањето со *acquis* бара продолжување на долготрајните напори. Административниот капацитет останува грижа во секторот. Имаше добар напредок во областа на *безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика,* особено во однос на усвојувањето на ново рамковно законодавство. Административниот капацитет на Агенцијата за храна и ветеринарство, меѓутоа останува недоволен за да обезбеди соодветно спроведување на *acquis.*

Во областа на *транспортната политика,* забележан е напредок особено во однос на употребата на тахографи. Останатите предизвици се поврзани особено со сè уште недоволниот административен капацитет на регулаторните и органите за безбеден транспорт. Треба да се воведат постапки за издавање на сертификати за безбедност на безбедност.

Добар напредок има во *енергетскиот сектор*, особено донесувањето на ново рамковно законодавство и решавање на долгорочниот спор со системскиот оператор за дистрибуција, голем инвеститор на ЕУ. Ефективно функционирање на пазарот на електрична енергија треба да се утврди, и да се обезбедат условите за конкуренција. Финансиската независност на регулаторот за заштита од радијација сè уште не е обезбедена.

Може да се забележи ограничен напредок во областа на хармонизирање на *законодавството за оданочување* со *acquis.* Оперативниот капацитет за администрација на даноците продолжува да се подобрува. Ефективните мерки за борба против даночни измами треба да се воведат и кодекс за управување со оданочувањето на бизнисите сè уште не е обезбеден.

Има значителен напредок во областа на *економската и монетарната политика,* особено за донесување на релевантно законодавство за централната банка. Квалитетот на претпристапната економска програма е подобрен. Има голем напредок во неколку области на *статистиката*; суштинските напори сè уште треба да се подобруваат во одредени економски статистики.

Постигнат е ограничен напредок во усогласувањето со *acquis* во областа на *социјалната политика и вработување.* Започна спроведувањето на рамковниот закон за антидискриминација. Останува да се постигне целосно усогласување со *acquis*. Високата стапка на невработеност и слабото учество во пазарот на труд останува загрижувачко. Бавно се одвива вклучувањето на Ромите, лицата со хендикеп и другите социјално исклучени лица. Ефикасните политики за вработување и социјална инклузија треба дополнително да се спроведат и социјалниот дијалог треба дополнително да се зајакне. Вкупниот административен капацитет не е доволен.

Постигнат е добар, но нееднаков напредок на полето на *политиката за претпријатија и индустриската политика.* Има одредени постигнувања во поедноставувањето на законодавството и административните постапки за деловното работење и намалувањето на деловните трошоци. Мерките за поддршка на претпријатија остануваат расрфлени во рамките на неколку програми.

Во областа на *трансевропските мрежи* постигнат е дополнителен напредок. Земјата продолжува да ги развива транспортните, енергетските и телекомуникациските мрежи и активно учествува во Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа и во Енергетската заедница. Спроведувањето на коридор X и понатаму е одложено бидејќи потребен беше дополнителен временски период за воспоставување на финансиска рамка.

Забележан е дореден напредок во областа на *регионалниот развој и координација на структурните*

*фондови.* Постигнат е одреден напредок во спроведување на ИПА компонентите во врска со оперативната програма за регионален развој и развој на човечки ресурси. Несоодветната експертиза и недоволната институционална координација доведе до значителни одложувања. Потребно е да се зајакне сопственииштвото на програмата за спроведување од страна на органите.

Може да се забележи ограничен напредок во врска со независноста и ефикасноста на судството, вклучувајќи ја измената на улогата на Министерот за правда врз Судскиот совет и основањето на Виш управен суд. Потребни се дополнителни напори во врска со оценувањето и сигурноста на мандатите на судиите. Постигнат е одреден напредок во *политиката за антикорупција.* Усогласувањето на законодавството продолжи и беше воведена систематска проверка на изјавите за имот. Допрва треба да се воведе евиденција за следење при третирање на случаи на корупција од висок степен. Што се однесува до *основните права,* додека правната и институционалната рамка широко се применуваат, потребно е подобро спроведување. Започнат е дијалог за да се разгледаат сериозните загрижувања во врска со слободата на изразување во медиумите. Постигнат е одреден напредок во врска со културните права и малцинствата. Охридскиот рамковен договор останува основен елемент за демократија и владеењето на правото во земјата.

Во областа на *правдата, слободата и безбедноста,* може да се забележи добар напредок на надворешните граници и Шенген зоната, соработката во судството и царинската соработка. На граничната полиција сè уште ѝ недостасува соодветна техничка опрема, буџетски средства. Постигнат е одреден напредок во областа на мигрирањето, визната политика, соработката на полицијата и борбата против организираниот криминал. Продолжи спроведувањето на полициската реформа, сепак структурните проблеми, недоволниот број на персонал и недостатокот на буџетски средства сè уште постојат. Спроведувањето на полето на азил останува недоволно, вклучувајќи во обезбедувањето на правна помош, интерпретација и пристап до социјалните права.

Забележан е напредок во врска со европските стандарди за *наука и истражување.* Донесена е националната стратегија за 2011 – 2020. Дополнително се зголеми степенот на учество во Седмата рамковна програма за истражување на ЕУ.  Административниот капацитет за поддршка на учеството во рамковната програма е слаб. Може да се забележи одреден напредок во врска со европските стандарди во областите на *образование, обука, млади и култура.* Земјата ја подобри својата функционалност во врска со заедничките одредници за Образование и обука 2020. Акциските програми за доживотното учење и млади во акција и понатаму се суспендирани. И понатаму останува предизвик зголемената интеракција помеѓу етнички заедници во образованието.

Може да се забележи одреден напредок на полето на *животната средина*, особено што се однесува до транспонирањето на *acquis* на ЕУ во националното законодавство и во ратификувањето на мултилатерални спогодби за животна средина. Потребни се значителни напори за спроведување на националното законодавство, особено во областите на управување со води и контрола на индустриското загадување. Во врска со *климатските промени,* постигнат е слаб напредок во усогласувањето со и спроведувањето на *acquis* на ЕУ во областа на климатските промени. Потребни се дополнителни напори за зајакнување на институционалните капацитети и меѓуинституционалната соработка. Постигнат е одреден напредок во областа на заштитата на *потрошувачите и здравствена заштита.* Сè уште се попречуваат напорите поради ограничените финансиски ресурси и слабите оперативни структури.

Постигнат е добар напредок во областа на *царинската унија,* како во царинското законодавство, така и во административниот и оперативниот капацитет.

Постигнат е напредок во областа на *надворешните работи,* особено во усогласувањето кон заедничката трговска политика.

Исто така имаше напредок во областа на *надворешната, безбедносната и одбранбената политика.* Земјата презеде мерки за да обезбеди подобра координираност помеѓу надлежните органи во спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки. Таа се усогласи со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот и покажа постојана заложба за учество во граѓанските активности и воените активности и активностите за управување со кризи.

Напредокот во областа на финансиската контрола беше поврзан главно со законодавното усогласување и потребни се напори за да се обезбеди спроведувањето, особено во врска со воспоставувањето на

Системи за финансиско управување и контрола. Административниот капацитет на Државниот завод за ревизија дополнително е зајакнат; сепак, неговата независност останува да се воведе во Уставот. Нема особен напредок за кој може да се извести според *финансиските и буџетските одредби.* Општо земено, не постојат значителни разлики помеѓу системите во земјата и ЕУ, во смисла на основните начела и институции за основните политички области кои би можеле да влијаат врз исправната примена на правилата за сопствени ресурси. Административната рамка за примената на рамката на сопствени ресурси сè уште не се применува.